# АНТИКОРУПЦИСКА ПОЛИТИКА
## НА АЛКАЛОИД АД Скопје

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

# АНТИКОРУПЦИСКА ПОЛИТИКА НА АЛКАЛОИД АД Скопје

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

Здравјето пред сè

Врз основа на член 62 од Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје, Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје, на седница одржана на ден 30.11.2020, ја донесе следнава:

# АНТИКОРУПЦИСКА ПОЛИТИКА НА АЛКАЛОИД АД Скопје[1]

## *I. Декларација*

Со донесување на Кодот за етичко и деловно однесување во јуни 2020 година, АЛКАЛОИД АД Скопје потврди дека е правен субјект, посветен на одржување на највисоките стандарди на правно и етичко однесување. Кодот за етичко и деловно однесување, како и оваа Антикорупциска политика (во понатамошниот текст: Политика), ги рефлектира деловните практики и принципите на однесување на АЛКАЛОИД АД Скопје, кои ја поткрепуваат таа посветеност. Секој вработен и секое раководно лице во АЛКАЛОИД е должно да го прочита, да ја разбере и да ја усвои оваа Политика и да ја примени при реализација на своите работни и деловни обврски и одговорности.

Интегритетот и репутацијата на АЛКАЛОИД АД Скопје се базира на чесност, фер однесување и на личен интегритет, применети на работните позиции кои ги извршуваат сите вработени, како и сите други лица кои се поврзани по кој било основ со компанијата. Од секој вработен и од секое раководно лице на компанијата се очекува да применува здрав разум, заедно со своите лични највисоки етички стандарди, во вршењето на работните задачи и одговорности, како и да донесува самостојни деловни одлуки, во сите ситуации кога нема директна референца на оваа Политика. Неприкосновениот личен интегритет на вработените и на раководните лица е основа на корпоративниот интегритет на АЛКАЛОИД АД Скопје.

При реализација на менаџерските обврски, од сите раководни лица во АЛКАЛОИД АД Скопје се очекува кај вработените кои се под нивно раководство да развиваат чувство на посветеност кон основните вредности кое, како резултат, треба да обезбеди максимално почитување на оваа Политика. Од раководните лица, исто така, се очекува да обезбедат приспособување на сите ангажирани субјекти, како добавувачи и други деловни партнери на АЛКАЛОИД АД Скопје, кон стандардите утврдени со оваа Политика, во рамките на својот професионален ангажман или по основ на каков било друг облик на соработка со АЛКАЛОИД АД Скопје.

## *II. Примена*

Оваа Политика се применува на сите вработени и раководни лица во АЛКАЛОИД АД Скопје, како и сите вработени и раководни лица во сите капитално поврзани друштва на АЛКАЛОИД АД Скопје. За потребите на оваа Политика, секоја референца на АЛКАЛОИД АД Скопје, подразбира и референца кон неговите капитално поврзани друштва. Оваа Политика, исто така, се однесува на исплати кои се вршат преку трети лица, како на пример, претставници, консултанти, посредници или агенти, кои дејствуваат во име или за сметка на АЛКАЛОИД АД Скопје и/или негово капитално поврзано друштво. Во случај кога постојната регулатива налага построги барања од принципите предвидени со оваа Политика, вработените и раководните лица се должни да ги применуваат построгите правила.

## *III. Забрана за недозволени исплати*

АЛКАЛОИД АД Скопје својот интегритет и принципите на фер однесување во деловните односи ги рефлектира преку заложбите за елиминирање на корупцијата во сите форми. Вработените и раководните лица во АЛКАЛОИД АД Скопје и неговите капитално поврзани друштва се должни да ги почитуваат сите прописи и другата применлива регулатива на Република Северна Македонија и/или на државите каде што АЛКАЛОИД АД Скопје е присутен, а која се однесува на поткуп, корупција и/или на модалитет на недозволени деловни активности со поединечни физички лица и со правни субјекти, особено вклучувајќи ги јавните службеници и носителите на јавни функции. Во таа смисла, вработените и раководните лица во АЛКАЛОИД АД Скопје се обврзани да ги познаваат аспектите од применливата регулатива за спречување корупција, за спречување перење пари, за лековите и за медицинските средства и подзаконските акти на таа регулатива, за здравствена заштита, за јавни службеници, кривичните закони и другите закони коишто се поврзани или на кој било начин би можеле да се применат врз однесувањата коишто влегуваат во доменот

на нивните работни задачи и одговорности, а коишто би можеле да бидат квалификувани како коруптивни. Вработените и раководните лица во АЛКАЛОИД АД Скопје не смеат да исплатат материјални средства или да вршат, да нудат или да ветат каков било трансфер на вредности или на други бенефиции во корист на претставници на деловни партнери или на јавни службеници, со цел да обезбедат или да задржат деловен однос или фаворизирачка позиција, како и да дадат подарок на јавен службеник со вредност повисока од онаа што е пропишана во применливото законодавство. Вработените и раководните лица се должни веднаш да пријават до својот непосреден претпоставен, до Офицерот за корпоративна усогласеност и/или офицерите за усогласеност на капитално поврзаните друштва и до организационата единица Правна служба каков било обид за поткуп или корупција од трети лица.

### *IV. Забрана за поткуп на јавни службеници и/или носители на јавни функции*

Законодавството на Република Северна Македонија, како и законодавствата на капитално поврзаните друштва забрануваат вршење, нудење или ветување на било каква исплата на финансиски средства или трансфер на вредност на јавни службеници и носители на јавни функции, кога таквата исплата е наменета да се влијае на официјална активност или одлука да се додели и задржи деловна можност.

Покрај дефинициите на носители на јавни функции предвидени со локалната применлива регулатива, кои ќе се применуваат од страна на АЛКАЛОИД АД Скопје и капитално поврзаните друштва, минимални стандарди за идентификување носители на јавни функции, во смисла на оваа Политика, претставуваат:

- Избрани и именувани лица во државната администрација (на пример претставник од Министерство за здравство)
- Било кој вработен или лице кое дејствува во име на државна институција, агенција или друштво кое врши јавни функции
- Било кој вработен или лице кое дејствува во име на јавна меѓународна институција (на пример претставник на Организацијата на Обединетите нации)

### *V. Документирање на сите исплати*

АЛКАЛОИД АД Скопје цврсто го застапува ставот дека интегритетот на документацијата за своите деловни и корпоративни активности и нивната транспарентност зависи од точноста и од целосноста на информациите коишто се заведуваат во корпоративните книги и системи. Вработените и раководните лица во АЛКАЛОИД АД Скопје и капитално поврзаните друштва не смеат да внесуваат неточни записи или записи коишто може да доведат во заблуда, без разлика за какви информации се работи (финансиски, научни, корпоративни). Имено, записите се основа за управување со деловните и со корпоративните активности на АЛКАЛОИД АД Скопје и се клучни за соодветно и за правилно исполнување на обврските на АЛКАЛОИД АД Скопје кон своите акционери, вработените, деловните партнери, финансиските институции, регулаторните институции итн. Во таа смисла, многу е значајно записите во корпоративните книги и системи на АЛКАЛОИД АД Скопје точно и соодветно да ги рефлектираат, во разумна мера, имотот, расходите, приходите, трошоците, како и трансакциите и промените во имотот на АЛКАЛОИД АД Скопје.

Записите кои се внесуваат во корпоративните книги и системи на АЛКАЛОИД АД Скопје треба да бидат соодветни, да генерираат точни, навремени, разбирливи и целосни извештаи коишто се наменети за раководната структура, акционерите, финансиските и другите регулаторни институции кон кои АЛКАЛОИД АД Скопје има обврска за известување или коишто се израз на транспарентниот пристап на АЛКАЛОИД АД Скопје во реализација на својата политика на општествена одговорност.

Доколку кој било вработен или раководно лице во АЛКАЛОИД АД Скопје има сознанија за непочитување на стандардите и на правилата за внесување записи или за транспарентно известување во АЛКАЛОИД АД Скопје, има обврска веднаш за случајот да го извести својот непосреден претпоставен, Офицерот за корпоративна усогласеност и/или офицерите за усогласеност на капитално поврзаните друштва и организационите единици Финансии и Правна служба.

### *VI. Обуки и едукации*

Степенот на усогласеност со оваа Политика, во рамките на корпоративните и/или на деловните активности на секоја организациона единица во АЛКАЛОИД АД Скопје, е значаен фактор за евалуација на квалитетот, на индивидуално ниво, на секој вработен и раководно лице.

За таа цел, во рамки на АЛКАЛОИД АД Скопје, во организација на Офицерот за корпоративна усогласеност или офицерите за усогласеност на капитално поврзаните друштва, се организираат и реализираат следните обуки за примена на оваа Политика:

- редовни обуки:
  - во рок од три (3) месеци од стапување во работен однос на секој нововработен во АЛКАЛОИД АД Скопје;
  - во рок од еден (1) месец од секоја поголема измена или дополнување на оваа Политика и/или измена на применлива регулатива врзана со оваа Политика, за сите вработени;
  - на секои три (3) години, за сите вработени.

- ад хок обуки/презентации, со добавувачи и со други деловни партнери, по потреба.

### *VII. Постапка по повреда на Антикорупциската политика*

АЛКАЛОИД АД Скопје има воспоставено систем на корпоративна усогласеност, кој подразбира интегриран систем од политики, акти, функции, процеси, контролни механизми и алатки кои се применуваат во насока на обезбедување усогласеност со Антикорупциската политика, односно намалување на ризикот за повреди извршени од страна на вработени во АЛКАЛОИД и капитално поврзаните друштва и на тој начин зачувување и негување на корпоративниот интегритет.

Во АЛКАЛОИД АД Скопје и неговите капитално поврзани друштва, заради постапување и одлучување во врска со повреди на оваа Политика, во рамки на своите надлежности, постапува мрежа на одговорни лица, и тоа:

- Офицер за корпоративна усогласеност на АЛКАЛОИД;

- Комисијата за корпоративна усогласеност;

- Офицери за усогласеност на капитално поврзаните друштва.

Сите вработени во АЛКАЛОИД АД Скопје и капитално поврзаните друштва, како и сите деловни партнери и соработници се охрабруваат да ги пријават сите фактички и потенцијални прекршувања на Политиката, преку следниве канали:

- Веб формата AlkaSpeakUp, поставена на интернет страницата на АЛКАЛОИД

- Јавување на телефонскиот број на Офицерот за корпоративна усогласеност на АЛКАЛОИД +38972918245, или на телефонските броеви на Офицерите за усогласеност на капитално поврзаните друштва

Електронска пошта на адресата на Офицерот за корпоративна усогласеност на АЛКАЛОИД: complianceofficer@alkaloid.com.mk или на електронската пошта на Офицерите за усогласеност на капитално поврзаните друштва

По основана пријава за повреда на Антикорупциската политика, одлучува Комисијата за корпоративна усогласеност.

Комисијата претставува тело на АЛКАЛОИД, кое има ингеренции да спроведува истраги, во насока на утврдување на сите факти и околности поврзани со пријава за повреда на Политиката од страна на пријавувач од редот на вработените во АЛКАЛОИД, надворешен пријавувач, од редот на деловни партнери или соработници на АЛКАЛОИД или на барање од раководно лице во АЛКАЛОИД, во насока на утврдување јасна фактичка состојба, врз основа на која раководните органи во Друштвото можат да донесат основана одлука за изрекување санкции кон прекршителите.

Во рамки на постапката за утврдување повреда на Антикорупциската политика, доколку врз основа на обезбедените докази, може јасно и несомнено да се утврди дека е извршена повреда на Политиката, Комисијата изготвува наод на постоење повреда, со предлог санкција, кои се доставуваат до раководните структури на АЛКАЛОИД АД Скопје или капитално поврзаните друштва и кои потоа ги изрекуваат соодветните корективни мерки и санкции.

Доколку во рамки на постапката за утврдување повреда на Политиката, биде утврдено дека извршената повреда претставува кривично дело АЛКАЛОИД АД Скопје преку Правната служба, како и правните служби или раководните лица на капитално поврзаните друштва веднаш ги известуваат надежните органи за кривичен прогон и други надлежни институции.

Постапката за утврдување и одлучување по повреда на Антикорупциската политика се применува на корпоративно ниво, односно Комисијата за корпоративна усогласеност одлучува за повреди на Политиката извршени од вработени во капитално поврзаните друштва. Во овие постапки, Офицерот за усогласеност на засегнатото капитално поврзано друштво се приклучува во работата на Комисијата и е дел од истрагата и одлуката.

***

Антикорупциската политика не ги опишува и не ги опфаќа сите практики и принципи поврзани со антикорупциско однесување при реализација на сите работни позиции во рамките на сите организациони единици во АЛКАЛОИД АД Скопје. Имено, Антикорупциската политика претежно се однесува на типични и чести ситуации на корелација со лица и со правни субјекти со кои АЛКАЛОИД АД Скопје редовно има интеракција при реализација на својата корпоративна и деловна функција, па во таа смисла опфаќа само дел од редовните практики. За сите други ситуации, секој вработен, во координација со раководното лице и со надлежните организациони единици, е должен соодветно да ги толкува принципите на оваа Политика во насока на нивната применливост во однос на соодветната организациона единица во која работи, како и во однос на посебните околности и услови коишто може да се појават.

Оваа Политика има за цел поблиску да ги образложи аспектите на некои од начелата на Кодот за етичко и деловно однесување и Кодексот за интеракција со здравствени работници и етичка промоција, чиешто правилно толкување и модалитети на примена се поактуелни и поприсутни во секојдневната работа на организационата структура на АЛКАЛОИД АД Скопје. Вработените и раководните лица во АЛКАЛОИД АД Скопје се повикуваат во секое време да предложат проширување на оваа Политика со упатства кои сметаат дека им се потребни во извршувањето на секојдневните работни задачи или доколку потребата се појави ад хок, при специфични услови и околности коишто ќе иницираат етички дилеми во врска со нивната примена.

[1] Оваа верзија на Антикорупциска политика на АЛКАЛОИД АД Скопје е во формат и дизајн за потребите на запознавање на јавноста со истата. Официјалната верзија на Антикорупциската политика на АЛКАЛОИД АД Скопје се чува во неговото седиште.

**АЛКАЛОИД АД Скопје**

Бул. Александар Македонски 12, 1000 Скопје,
Република Северна Македонија

**www.alkaloid.com.mk**

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ